# Куќен ред на ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци

1.Наставата во училиштето се изведува во 5 работни дена во седмицата во една смена. Дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, проектните и вонннаставните активности ќе се изведуваат според распоредот на предметните наставници.

2.Секој работен ден наставата започнува од 8,00 до 14,15 часот.

Учениците се должни да бидат пред влезот на училиштето во 7,50 часот.Точно во 8,00 часот ќе се затвора училишната врата и учениците нема да се пуштаат на првиот час. Големиот одмор за учениците е помеѓу 2 и 3 час, со траење од 10 минути и помеѓу 3 и 4 час во траење од 15 мин.

3. Учениците се должни да се придржуваат на следните обврски утврдени со Статутот на училиштето:

- Совесно да учат, работат и активно да се вклучат во образовниот процес;
- Редовно да ја посетуваат наставата;
- Да се придржуваат на училишните прописи, организацијата на работата во училиштето и одлуките на наставниците и училишните органи;
- Да ја почитуваат личноста на наставникот и своите соученици;
- Да се грижат за училишниот имот, хигиената и естетскиот изглед на училишните простории, личната уреденост и пристоен изглед;
- Надвор од училиштето со своето однесување да го чуваат достоинството на својата личност и угледот на училиштето.

4. Нередовното посетување на наставата и доцнењето на часовите, учениците се должни да го оправдуваат со поднесување на лекарски белешки на првиот нареден одделенски час и лично да се јави родителот/старателот на одделенскиот раководител.

5. Се забранува посета на часови и влегување во просториите на училиштето од лица кои не се ученици во ООУ„Ристо Шуклев“ Негорци.

***Сите редовни ученици се должни да се придржуваат на куќниот ред, во спротивно против нив ќе се изрекуваат и применуваат статутарните и законските мерки и казни.***

Директор:
Дубравка Манева

________________________